ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 59/2014
Загреб, 17. 05. 2014.

# З А П И С Н И К

од **вонредниот состанок** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **17.05.2014 година** со почеток во **12.00 часот** во просториите на МКД „Илинден", во Риека, Матачиќева 5.

**Присутни членови:** Орце Ламбевски – претседател на Заедницата, Благој Штерјов – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Милена Златеска – Пула.

**Отсутни:** Ангел Митревски – Сплит.

**Гости:** Елизабета Петровска – секретар на Заедницата.

Состанокот го водеше претс. на УО на Заедницата, О. Ламбевски. По утврдувањето дека на состанокот присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни објаснувајќи им ја потребата за овој вонреден состанок поради утврдување на предлог-кандидат за претседател на Заедницата за Редовното Собрание на Заедницата, го прочита дневниот ред за истиот и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Избор на предлог-кандидат за претседател на Заедницата за седницата на Редовното Собрание на Заедницата;
2. Разно.

**Ад. 1.** По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** следниот предлог-кандидат:

- за претседател на Заедницата: Илија Христодулов.

**Ад. 2.** По точката разно, претседателот Ламбевски ги информира присутните дека има предлог-молба од 4 делегати од МКД „Браќа Миладиновци" од Осиек да од Заедница им се подмират трошоците за ноќевање во Риека поради долгиот пат и неадекватните патни врски, исто како и на 1 делегат од МКД „Билјана" од Задар, како и предлог-молба да му се подмират патните трошоци и една дневница на гостот Александар Тасиќ од Сплит кој е дојден наместо отсутниот делегат Љубинка Тасиќ од Сплит. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги усвоија следните одлуки:**

- се одобруваат трошоците за ноќевање на 4 делегати од МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек и на 1 делегат од МКД „Билјана“ од Задар во износ од 150,00 куни по лице;
- се одобруваат патните трошоци и една дневница на Александар Тасиќ од Сплит во износ од 855, 00 куни.

Седницата заврши во **12.15** часот.

Записничар:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретар на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Орце Ламбевски